Врз основа на член 45-а од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на РСМ” бр. 46/2008; 103/2008; 24/2011...144/2025), член 22 од Законот за работните односи („Службен весник на РСМ" бр. 62/2005; 3/2006; 3/2006...124/2025), Одлуката на Советот на Институтот бр. 02-340/3 од 27.10.2026 година, Правилникот за систематизација на работните места во Институот и член 35 од Статутот на ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп, директорот на Институтот распишува:

ЈАВЕН КОНКУРС
за избор на соработник-истражувач

ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп распишува јавен Конкурс за избор во соработничко звање на еден (1) соработник истражувач од трет циклус на студии од областа на дејноста на Институтот :

1. Кандидатите треба да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии од подрачјето на хуманистичките и општествените науки и завршени втор циклус (постдипломски) студии од научните области од дејноста на Институтот, да се запишани на трет циклус студии од научните области од дејноста на Институтот и да ги исполнуваат условите за избор во соработник-истражувач, предвидени во Законот за научно-истражувачката дејност („Сл. весник на РМ“бр. 46/2008; 103/2008; 24/2011; 80/2012; 24/2013; 147/2013; 41/2014; 145/2015; 154/2015; 30/2016; 53/2016; 257/2020; 163/2021; 64/2024; 235/2024; 144/2025**).**

2. Кандидатите треба да ги достават следните документи:
- Пријава;
- Кратка биографија со список на објавени трудови и поважни трудови во прилог;
- Уверение или диплома за завршени прв и втор циклус на студии од научните области од дејноста на Институтот;
- Потврда за запишан трет циклус на студии од научните области од дејноста на Институтот;
- Државјанство, не постаро од 6 месеци, во оригинал или копија заверена на нотар.

Конкурсот трае **осум (8) дена**, од денот на објавувањето.

Пријавите со потребните документи, да се достават на адреса на Институтот ул.„Кичевско џаде„ бб пошт.фах 162 Прилеп со назнака „за јавен конкурс“ или лично во архивата на Институтот.

Прилеп, 02.11.2026 година

ДИРЕКТОР
д-р Александар Василески